**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2018 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/2018), Министерството за економија објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
## за кофинансирање на претпријатија за купување на опрема, инструменти, алат кои ќе се користат за обука, настава за стекнување занимања

**1. Предмет на јавниот повик** е финансиска поддршка на претпријатија преку кофинансирање на дел од трошоците за купување на опрема, инструменти, алат кои ќе послужат и ќе се користат исклучиво за обука, настава на лица за стекнување на занимања и тоа до 50% од докажаните трошоци но не повеќе од 1.200.000,00 денари поединечно.

Согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2018 година дел II, А. Поддршка и развој на мали и средни претпријатија, мерка 11 – Кофинансирање на претпријатија за дел од трошоците за купување на опрема, инструменти, алат кои ќе послужат и ќе се користат исклучиво за обука, настава на лица за стекнување на занимања („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/2018) предвидени се средства во вкупен износ од 2.400.000, 00 денари.

Средствата од субвенциите **<u>не се наменети</u>** за кофинансирање на следните трошоци:

- Трошоци, кои веќе претходно биле кофинансирани преку мерките од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 и 2018 година
- Набавка на потрошен материјал и возила;
- Износот платен за ДДВ за намените/трошоците за кои се бара кофинансирањето,
- Царина за намените/трошоците за кои се бара кофинансирањето;
- Курсни разлики;
- Закупнина за деловен простор;
- Трошоци чие плаќање е направено со компензација.

Доколку претпријатието кое аплицира за кофинансирање на трошоци по основ на оваа мерка престане со вршење на дејност пред истекот на 1 година од датумот на добивање на средствата (освен во случај на смрт или трајна неспособност), во тој случај основачот на фирмата има обврска да врати 80% од доделените финансиски средства по основ на предвидените намени во период од 12 месеци.
По истекот на 1 година од датумот на добивање на средствата Министерството за економија преку Централниот Регистар на Република Македонија ќе провери дали претпријатието кое било субвенционирано во 2018 година е сеуште активно. Доколку се утврди дека претпријатијето престанало со вршење на дејност Министерството за економија ќе поведе постапка за враќање на средствата.

**2. Право на учество на јавниот повик имаат:**

Претпријатија кои имаат Решение за верификација од Министерство за образование и наука за реализирање на посебни програми за образование на возрасни.

**3. Потребни документи за пријавување:**

- Пополнет Образец **„Барање – КО 2018“** *(може да се подигне од архивата или од веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk).*
- Пополнет Образец **„Изјава– Државна помош 2018“, заверена на нотар** *(Изјавата од барателот за доделена државна помош, може да се подигне од архивата или од веб страната на Министерството за економија* ***www.economy.gov.mk*** *);*
- Пополнет образец **„Изјава -2018“ заверена на нотар** *( може да се подигне од архивата или од веб страната на Министерството за економија* ***www.economy.gov.mk****);*
- Решение за верификација од Министерство за образование и наука за реализирање на посебни програми за образование на возрасни. Датумот на Решението да е пред датумот на објавување на јавниот повик;
- Тековна состојба од Централен регистар на Република Македонија не постара од 2 (два) месеци;
- Уверение за платени даноци и придонеси од Управата за јавни приходи на Република Македонија, не постаро од 2 (два) месеци;
- Фактура/и за направените трошоци за предвидените намени со Извод од банка депонент или свифт од кој се гледа дека апликантот целосно ги подмирил обврските за направените трошоци по приложените фактури;
- Уплатница на износ од 250,00 денари ( *Цел на дознака:* Уплата на административна такса, *Назив и седиште на примач:* Приходи на органи на управа, *Банка на примач:* Народна банка на Република Македонија, *Трезорска сметка*: 100000000063095, *Уплатна сметка*: 840 _______ (во зависност од општината) 06116, *Приходна шифра и програма*: 725930 00 ) и
- Уплатница на износ од 50,00 денари ( *Цел на дознака*: Уплата на административна такса, *Назив и седиште на примач:* Трезорска сметка, *Банка на примач:* Народна банка на Република Македонија, *Трезорска сметка:* 100000000063095, *Уплатна сметка:* 840________ (во зависност од општината) 03161, *Приходна шифра и програма:* 722313 00 ).

**Горенаведената документација се доставува во оригинал или копија.**
**Доколку документацијата се доставува во копија, веродостојноста на секоја страница ја потврдува подносителот на барањето со свој потпис и печат.**

Барањата за субвенционирање ќе ги разгледува Комисија формирана од министерот за економија.

Доколку поднесеното Барање е некомплетно, Комисијата писмено ќе се обрати до апликантот и ќе определи рок за дополнување на Барањето за субвенционирање.

Еден апликант може да користи субвенции само еднаш по овој Јавен повик.

Комисијата го задржува правото, предвидените средства за кофинансирање на оваа мерка во износ од 2.400.000,00 денари да ги распореди еднакво до сите апликанти кои ги исполнуваат условите за кофинансирање доколку на Јавниот повик има повеќе апликанти. Средствата ќе бидат распределени во месец септември, 2018 година.

Јавниот повик е објавен на веб страницата на Министеството за економија **www.economy.gov.mk** и на порталот **www.konkurentnost.mk.**

Барањата со комплетна документација се доставуваат во Архивата на Министерството за економија, ул. “Јуриј Гагарин” 15, Скопје, **до 31.05.2018 година**.